


**Ако имаш амбиција за професионален развој во динамична средина, со одлични услови и атмосфера за работа, пријави се на огласот и приклучи се на нашиот тим!**

УНИ Банка АД Скопје има потреба од мотивирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Офицер за заштита на лични податоци

Бараме динамична и високо професионална личност, со познавање на законската регулатива од областа на банкарското работење, заштита на личните податоци и останата регулатива која е од влијание на работењето на банката.

## Квалификации:

- Виско образование;
- Работно искуство во банкарски сектор и искуство во делот на заштитата на личните податоци;
- Познавање на законската регулатива од областа на банкарското работење, регулативата за заштита на личните податоци и останата регулатива која е од влијание на работењето на банката;
- Развиени комуникациски и интерперсонални вештини и способност за работа во тим;
- Способност за самостојно планирање, организирање и навремено исполнување на задачите;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Напредно познавање на MS Office.

Работни активности:

- ✓ Ја следи усогласеноста на внатрешните акти на Банката со прописите за заштита на лични податоци;
- ✓ Се грижи за информирање на вработените и одговорните лица на Банката, за нивните обврски што произлегуваат од прописите за заштита на личните податоци;
- ✓ Се грижи за исполнување на обврските што произлегуваат од прописите за заштита на личните податоци;
- ✓ Работи на подигнување на јавната свест преку подготвување на соодветни изјави и информации за заштита на лични податоци за вработените и одговорните лица;
- ✓ Организира и спроведува обуки за вработените и одговорните лица кои се вклучени во операциите на обработка на лични податоци;
- ✓ Активно е вклучен во креирањето и спроведување на процесите кои опфаќаат обработка на лични податоци;
- ✓ Ги следи ризиците, по однос на Анализата на ризиците за личните податоци и акцискиот план со мерки за решавање на ризиците;
- ✓ Се грижи за исполнување на техничките и организациски мерки за обезбедување на безбедност на обработката на личните податоци и планира и врши контроли над спроведувањето на овие мерки, особено имајќи ги предвид утврдените ризици;
- ✓ Дава совети во поглед на проценка на влијанието на планираните операции на обработка врз заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на оваа проценка - Data Protection Impact Assessment;
- ✓ Остварува редовни состаноци со одговорните лица на Банката во врска со прашања од областа на заштитата на личните податоци;
- ✓ Соработува и делува како контакт точка за Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) - дава поддршка на АЗЛП при спроведувањето на законските обврски и соработува со АЗЛП во насока на развивање и промовирање на најдобри практики за конкретни теми;
- ✓ Ја координира комуникацијата на Банката во евентуалните постапки поведени пред АЗЛП;
- ✓ Се грижи за информирање на субјектите на лични податоци за нивните права;
- ✓ Остварува контакт со субјектите на лични податоци и се грижи за спроведување на постапките и за навремено одговарање на нивните барања упатени до Банката, а во врска со остварување на нивните права;
- ✓ Извршува тековни и останати работи по налог на Управниот одбор на Банката.

**Бенефиции:**

- Политика за наградување преку систем на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување;
- Спортски и тим билдинг активности.

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на **jobs@unibank.com.mk**, или на адреса: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 30.04.2026 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае постапката за избор и известување на кандидатите, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законсите прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk